РЕПУ... ...ОНИЈА
ОСНОВЕН
СУД Бр. 459/15
29.12.2015 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Претседателот на Основниот суд во Свети Николе Слободан Арсовски, согласно чл.88 ст.3 и чл. 39 ст.4 и 5 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр.58/06) имајќи го во предвид видот и обемот на работата на судот, а по претходно прибавено мислење од седницата на судии на ден 29.12.2015 година, го утврди следниот:

**Р А С П О Р Е Д**

**За работата на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд во Свети Николе од 01.01.2016 год.**

Претседателот на судот ќе ги извршува работите и работните задачи за кои е надлежен согласно Законот за судовите, Законот за судскиот совет, Закон за судска служба, Законот за органите на управата, Законот за управување со движењето на предметите во судовите, Судскиот деловник и актите на судот и тоа:

- Ќе го претставува судот;
- Ќе ја организира работата и ќе преземе мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот.
- Ќе ги извршува работите што се ставени во надлежност на судската управа (месечни, тромесечни, годишни и други видови на извештаи и инфомрации).
- Ќе постапува по претставките и поплаките на странките и другите органи и ќе прими на разговор странки по нивно барање;
- Ќе постапува по барањето за изземање поднесени од судиите и од странките;
- Ќе постапува како член на кривичен совет кои донесува одлуки надвор од главен претрес во првостепен суд согласно ЗКП, КС, приговори, притвори, истраги и слично;
- Ќе постапува по приговори за неправилности во извршувањето и ќе презема други дејствија за кои е надлежен согласно Законот за извршување, а во негово отсуство и за време на годишен одмор ќе постапува Заменик Претседателот.
- Ќе ги довери со Решение оставинските предмети на нотарите, како повереници на судот;
- Ќе изготвува распоред за дежурство на судии;
- Заверки на исправи, апостиле;
- Судскиот депозит и други работи и предмети што му се ставени во надлежност на Претседателот со постоечките закони и подзаконски акти.
- Согласно Законот за судовите писмено ќе го известува Судскиот совет за дисциплинските повреди на судиите од чл.76 од Законот за судовите;
- Најдоцна до 01-ви март во тековната година ќе доставува извештај до Судскиот совет за реализација на Програмата за рабата за претходната календарска година;

- Врз основа на одржана седница на судиите ќе доставува мислење до судскиот совет кога ќе има потреба од избор на нов судија согласно чл.41 ст.4 од Законот за судскиот совет.

Согласно чл.88 ст.4 од Законот за судовите в.в. со чл.33 до ЗИД на истиот закон (Сл.весник бр.150/10), за заменик на Претседателот на судот се определува судијата кој во 2013 година е со највисока позитивна оцена и во однос на останатите судии има добиено најголем борј бодови, кој ќе го заменува Претседателот на судот во негово отсуство и во други случаеви определени со Закон и Судскиот деловник.

Согласно чл.88 ст.5 од Законот за судовите и чл.112 од Судскиот деловник, работата во Основниот суд во Свети Николе за 2014 година ќе се организира во четири судски оддели и тоа: Кривичен, Прекршочен, Граѓански и Вонпарничен.

## I
## КРИВИЧЕН И ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ

Во кривичниот и прекршочниот оддел спаѓаат: определени истражни дејствија, замолници, увиди, кривични предмети спрема полнолетни лица, кривични замолници, предмети КС–приговори, притвори и слично, вонредни правни лекови, помилувања, извршување на кривични санкции, прекршочни предмети и прекршочно извршни предмети, оставинските предмети како и предмети по кои постапува судијата на претходна постапка;

Ќе постапуваат двајца судии.

1. Судија **Слободан Арсовски** ќе постапува по:

- Кривични предмети како судија на претходна постапка.
- Прекршочни предмети
- Ќе постапува по предмети за извршување на кривични санкции и прекршочно извршните предмети.
- Замолници према полнолетни лица;
- Ќе постапува како член на Кривичен совет по предмети за кои нема да бидат исполнети законските услови да постапуваат другите членови на кривичниот совет, како нивна замена во кои се одлучува надвор од главен претрес во првостепените судови со основна надлежност согласно одредбите од ЗКП – КС – приговори, притвори и слично;
- Ќе постапува и по кривични предмети кога ќе има законски услови за изземање на судијата Валентина Буровска која постапува по кривични предмети.

Судијата Слободан Арсовски ќе постапува по предметите заведени во уписниците согласно овој распоред за работа кои одговараат на уписниците согласно Судскиот деловник како и уписниците изготвени од страна на Комисијата за имплементација на новиот ЗКП во АКМИС програмата.

По предметите во кои одлуките ќе бидат укинати од повисоките судови ќе постапува судијата што ја донел одлуката, без оглед што со

новата автоматска распределба укинатите предмети ќе си добијат нова бројка во АКМИС.

2. Судијата **Валентина Буровска** ќе постапува по:

- Кривични предмети спрема полнолетни лица.
- Ќе постапува и по прекршочни предмети кога судија слободан Арсовски ќе биде изземен.
- Ќе постапува по оставински предмети, заверки и потврди односно уверенија.

По предметите во кои одлуките ќе бидат укинати од повисоките судови ќе постапува судијата што ја донел одлуката, без оглед што со новата автоматска распределба укинатите предмети ќе си добијат нова бројка во АКМИС.

Судијата Валентина Буровска ќе постапува по предметите заведени во уписниците согласно овој распоред за работа кои одговараат на уписниците согласно Судскиот деловник како и уписниците изготвени од страна на Комисијата за имплементација на новиот ЗКП во АКМИС програмата.

Распределба на предмети ќе се врши електронски со автоматска распределба во кривичната, прекршочната и вонпарничната писарница.

## II
## ГРАЃАНСКИ И ВОНПАРНИЧЕН ОДДЕЛ

Во граѓанскиот оддел спаѓаат: спорови од мала вредност, имотни спорови, семејни спорови, работни спорови и платни налози по приговор односно приговор и жалба на донесено решение од нотарот по кои судот има надлежност да постапува согласно законите вонпарнични предмети во кои спаѓаат: разни вонпарнични предмети „РВП“, обезбедување на докази и времени мерки, времени мерки за семејно насилство (ВПП2), физичка делба (ВПП1), останати ВПП - предмети како и предлог за противизвршување (Пи) и други предмети од ЗИ и ЗВП каде е предвидено да постапува судија, а не Претседател на суд.

Ќе постапуваат тројца судии:

1. Судијата **Зоран Ѓошев** ќе постапува по:

- Парнични предмети односно спорови од мала врдност, имотни спорови, облигациони спорови, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор односно приговор и жалба на донесено решение од нотарот по кои судот има надлежност да постапува согласно законите , вонпарнични предмети во кои спаѓаат: разни вонпарнични предмети „РВП“, обезбедување на докази и времени мерки, времени мерки за семејно насилство (ВПП2), физичка делба (ВПП1), останати ВПП - предмети како и предлог за противизвршување (Пи) и други предмети од ЗИ и ЗВП каде е предвидено да постапува судија, а не Претседател на суд.

- граѓански замолници
- ќе учествува како член на Кривичен совет кој донесува одлука во прв степен, надвор од главен претрес или како Претседател на кривичен совет кога ќе бидат исполнети законските услови за изземање на Претседателот на кривичниот совет, судијата Лилјана Додевска.
- Ќе врши и други дејствија како судија кој ќе го заменува судијата на претходна постапка кога нема да биде во можност да постапува судијата на претходна постапка Слободан Арсовски или неговата замена како судија на претходна постапка, судијата Лилјана Додевска, а понатаму предметот ќе го превземе во работа судијата на претходна постапка, при што самостојниот судски референт - Водител во кривичен отсек во АКМИСОТ рачно да го распредели предметот на судија кој ќе го заменува судијата на претходна постапка, а по превземеното дејствие рачно ќе го распредели предметот на судијата на претходна постапка.

Судијата Зоран Ѓошев ќе постапува по предметите заведени во уписниците согласно овој распоред за работа кои одговараат на уписниците согласно Судскиот деловник како и уписниците изготвени од страна на Комисијата за имплементација на новиот ЗКП во АКМИС програмата.

2. Судија **Тодор Поп-Панев** ќе постапува по:

- спорови од мала вредност, работни спорови, граѓански замолници и вонпарнични предмети во кои спаѓаат: разни вонпарнични предмети „РВП", обезбедување на докази и времени мерки, времени мерки за семејно насилство (ВПП2), физичка делба (ВПП1), останати ВПП - предмети како и предлог за противизвршување (Пи) и други предмети од ЗИ и ЗВП каде е предвидено да постапува судија, а не Претседател на суд.
- Ќе учествува како член на Кривичен совет каде се донесуваат одлуки надвор од главен претрес или како Претседател на кривичен совет каде не постојат законски услови да постапуваат како Претседатели на кривичен совет судиите Лилјана Додевска или Зоран Ѓошев;

Судијата Тодор Поп-Панев ќе постапува по предметите заведени во уписниците согласно овој распоред за работа кои одговараат на уписниците согласно Судскиот деловник како и уписниците изготвени од страна на Комисијата за имплементација на новиот ЗКП во АКМИС програмата.

3. Судија **Лилјана Додевска** ќе постапува по:

- парнични предмети односно облигациони спорови, спорови од мала вредност, спорови за навреда и клевета, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор односно приговор и

жалба на донесено решение од нотарот по кои судот има надлежност да постапува согласно законите, граѓански замолници, и вонпарнични предмети во кои спаѓаат: разни вонпарнични предмети „РВП“, обезбедување на докази и времени мерки, времени мерки за семејно насилство (ВПП2), физичка делба (ВПП1), останати ВПП - предмети како и предлог за противизвршување (Пи) и други предмети од ЗИ и ЗВП каде е предвидено да постапува судија, а не Претседател на суд.

- Ќе постапува по прекршочни предмети и кривични и предмети по кои не можат да постапуваат судиите Слободан Арсовски и Валентина Буровска и како замена на судијата за претходна постапка Слободан Арсовски кога истиот од било која причина нема да биде во можност да постапува како судија на претходна постапка, а самостојниот судски референт - Водител во кривичен отсек во АКМИСОТ рачно да го распредели предметот, а по превземеното десјтвие како судија на претходна постапка, доколку судијата на претходна постапка нема пречка да постапува, рачно ќе го распредели на судијата на претходна постапка.

Ќе учествува како член - Претседател на Кривичниот совет по сите предмети по кои е надлежен кривичниот совет на овој суд согласно ЗКП.

По предметите по кои одлуките во граѓанскиот оддел ќе бидат укинати од повисоките судови, ќе постапува судијата што ја донел одлуката без оглед што со новата автоматска распредлеба укинатите предмети ќе се добијат нова бројка во АКМИС.

Судијата Лилјана Додевска ќе постапува по предметите заведени во уписниците согласно овој распоред за работа кои одговараат на уписниците согласно Судскиот деловник како и уписниците изготвени од страна на Комисијата за имплементација на новиот ЗКП во АКМИС програмата.

Распределбата и во граѓанскиот оддел ќе се врши електронски со автоматска распределба на сите судии подеднакво.

Распределбата ќе се врши во граѓанска писарница.

III

За време на годишен одмор судијата кој е дежурен ќе постапува по:

- Разни граѓански предмети „Р“
- Обезбедување на докази
- Времени мерки и
- По сите останати предмети кои се од итна природа и по кои се постапува согласно Законите и Судскиот деловник за време на годишни одмори кога судот не работи:
- апостиле,
- прекршочни предмети од итна природа,

- уверенија од кривична евиденција кои ќе ги издават и потпишуваат водителите на оддел Илчо Јанев и Трендафилов Кире согласно чл.295 од Судскиот деловник.
- Ќе потпишуваат уверенија од казнена евиденција
- По сите недовршени и новопримени предмети последниот ден од дежурството ќе постапува наредниот дежурен судија,
- По ППНИ предметите ќе постапува Претседателот на судот или неговиот Заменик.

Распределбата на овие предмети за време на годишниот одмор наместо автоматски ќе се врши рачно. Се задолжува информатичарот да го прилагоди АКМИСОТ за време на годишните одмори за рачна распределба.

Согласно чл.88 ст.5 од Законот за судовите:

-судијата Слободан Арсовски се определува за Претседател на Прекршочниот оддел .
- судијата Валентина Буровска се определува за Претседател на Кривичен оддел.
- судијата Лилјана Додевска се определува за Претседател на вонпарничен оддел.
- судијата Зоран Ѓошев се определува за Претседател на Граѓански оддел.

Претседателите на Кривичен, Прекршочен, Граѓански и Вонпарничен оддел се задолжуваат да ги применат одредбите од Законот за судовите и Судскиот деловник, како и да превземат и вршат работи кои се од значење за правилно и ефикасно функционирање на одделите и на секои два месеци до Претседателот на судот да достават писмена информација за функционирање на одделите.

За судија на судска пракса се определува судијата Лилјана Додевска.

Претседателите на Кривичен, Прекршочен, Граѓански и Вонпарничен оддел се задолжуваат таму каде ќе се вршат измени во постапувањето по предметите, да ги превземат сите активности за да се спроведе овој распоред за работа.

По предметите во кои одлуките ќе бидат укинати од повисоките судови ќе постапува судијата што ја донел одлуката, а доколку е изземен од постапување од повисокиот суд, Претседателот на судот ќе определи кој судија ќе постапува.

Распоредот на земањето на предметите во работа насрочувањето и изготвувањето на одлуките да се изврши согласно процесните закони и судскиот деловник и истиот да се почитува во сите фази на постапување.

Распоредот на стручните соработници, техничките секретари на судиите и останатиот персонал вработен во судот како и распоредот на канцеларии ќе се изврши со посебни одлуки на Претседателот на судот.

За одговорно лице за односи со јавноста се определува стручен соработник Јорданка Димчева.

Судската полиција: Горан Панов, Горан Стоев, Горан Антов и Трајче Јованчев, го контролираат влегувањето на странките во судската зграда, ги упатуваат и информираат странките, се грижат за одржување на редот и дисциплината на судската зграда, ги отстрануваат лицата кои го нарушуваат редот и мирот во судот, го обезбедуваат судот, инвентарот, списите и физичката безбедност на работниците, а во ноќно време ја обезбедуваат судската зграда, како и сите оние работи за вршење на нивната работа согласно Планот за обезбедување кој ќе го донесе Претседателот на судот.

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд во Свети Николе за 2016 година во текот на годината може да се измени и дополни доколку има потреба.

Овој распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд во Свети Николе за 2016 година ќе се применува од 01.01.2016 година.

ОСНОВЕН СУД – СВ.НИКОЛЕ
Претседател,
Слободан Арсовски

Доставено до:
- судиите
- Апелационен суд-Штип
- Судски совет на РМ- Скопје
- Архива